**ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Адреса: „Владимир Комаров" бб, 1000 Скопје
Централа Тел: (02) 3250-100; Факс: (02) 3162-275; Инвалидски комисии Тел: (02) 3065-184

ДО:
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ул. Македонија 12/3

СКОПЈЕ

Бр. 18-50711
Скопје 23.09.2014

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 13 | 208/8 | | |

**ПРЕДМЕТ: Забелешки по Нацрт извештај**

Државниот завод за ревизија на 25.08.2014 година до Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија достави Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност – ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Управниот одбор на Фондот на седницата одржана на 18.09.2014 година ја разгледа Информацијата по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност – ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, и ги донесе следните заклучоци:

- Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ја усвои Информацијата по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност – ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

- По наведените констатации и препораки искажани во Информацијата по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност – ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија нема забелешки освен во препораката број 5 за која Стручната служба на Фондот треба да достави забелешка до Државниот завод за ревизија во рокот утврден со закон.

Од овие причини Ви доставуваме забелешки по препораката бр. 5 која гласи; Надлежните органи за управување и раководење со Фондот да превземат активности, обврската за доставување на потврди за живот за продолжување на правото на исплата на пензија на пократки рокови да се имплементира во Законот за ПИО.

Истата треба да биде избришана бидејќи **во членот 141 точка 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е регулирано :„По барање на Фондот корисникот на пензија или паричен надоместок е должен да достави потврда за живот издадена од Фондот„.**

**Од овие причини не е потребно да се вршат измени во Законот за ПИО, бидејќи согласно наведената одредба, не лимитира ограничување во барањето на потврдите за живот на корисниците на пензија.**

Прилог. Копие од Информација по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор за извршената ревизија на успешност – ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија

В.Д.ДИРЕКТОР,
Amet Dauti

Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија
СКОПЈЕ
1

Изработиле: Т.Маријановска
Контролирал: С.Бачовска
Одобрил: A.Amzai

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

ПРЕДЛАГАЧ: Стручната служба на Фондот

ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за финансиски прашања

ИЗВЕСТИТЕЛ: Ајредин Амзаи, помошник директор

# ИНФОРМАЦИЈА

## по Нацрт-извештајот на овластениот Државен ревизор за извршената ревизија на успешност–ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија

**Скопје, септември 2014 година**

## И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

**по Нацрт-извештајот на овластениот Државен ревизор за извршената ревизија на успешност–ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија**

Овластен тим од Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност–ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2013 година во периодот од 3 април до 31 мај 2014 година. На 25.08.2014 година од Државниот завод за ревизија до Фондот е доставен Нацрт-извештајот од наведената ревизија, кој на 26.08.2014 година е разгледан на Колегиумот на Генералниот директор на Фондот, со задолжување на помошниците директори и раководителот на Одделението за внатрешна ревизија на Фондот, да преземат активности по констатациите и препораките од Нацрт-извештајот и за истото да го известат најдоцна до 17.09.2014 година.

Во наведениот Нацрт-извештај, се донесени повеќе констатации и препораки како што следи:

1. Правна рамка и стратешки документи

1.1.Искажана е следната констатација: Донесените стратешки документи од страна на Фондот се добра основа за воспоставување на систем за финансиско управување и контрола и внатрешна ревизија кој во иднина треба да се надградува, како и следната

Препорака 1 - Надлежните органи за управување и раководење со Фондот да преземат потребни активности за имплементирање на стратегијата за управување со ризици и имплементираат контроли кои ќе обезбедат намалување/ублажување на ризиците утврдени во истата на соодветно прифатливо ниво.

За спроведување на оваа препорака донесен е План за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2014 година со Акциски план за спроведување, како и Стратегија за управување со ризиците во Фондот за 2014 година во која се утврдени активностите кои треба да се преземат од страна на Менаџерскиот тим до крајот на 2014 година, како и во наредните години.

Исто така, искажана е и следната констатација

Со донесување на новиот Закон за ПИО во текот на 2012 година престанат е правниот основ за наплата на заостанатите неплатени придонеси за ПИО од обврзниците за период до 31.12.2008 година, кои пред донесување на истиот имаа карактер на средства за лична потрошувачка и немаа рок на застареност. Согласно Законот за придонесите од задолжително социјално осигурување придонесите имаат карактер на јавни давачки. Јавните давачки имаат определен рок на застареност, при што според одредбите на Законот за дночна постапка престанува правото за присилна наплата на истите од обврзниците. Фондот има доставено Информација до Владата на РМ за измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, по што Комисијата за економски систем и тековна економска политика при Владата на РМ има дадено укажување Министерството за труд и социјална политика да изврши усогласување со Фондот, Министерството за правда и Управата за јавни приходи. Исто така, Фондот има доставено ургенција до Министерството за труд и социјална политика со цел да се забрза постапката за изменувањеи дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување,но до денот на вршење на ревизија не е извршена измена и дополнување на законот.Наведената состојба влијае на зголемување на ризиците во делот на процесот на прибирање на приходите утврдени со буџетот. Во врска со оваа констатација укажана е следната:

Препорака 2 - Надлежните органи за управување и раководење со Фондот да продолжат со преземање активности за регулирање на законскиот основ за наплата на побарувањето од обврзниците кои се однесуваат на неплатени придонеси од ПИО заклучно со 31.12.2008 година.

2. Финансиско управување и контрола.

2.1.1. Контролна средина, искажана е следната констатација:

Фондот нема утврдено листа на чуствителни работни места, листа на вработени, време за кое вработениот е распореден и план со кој се обезбедува ротација на вработените.А во врска со истата и следната

Препорака 3 - Надлежните органи за управување и раководење со Фондот да превземат активности за утврдување на листа на чуствителни работни емста , листа на вработени, време за кое вработениот е распореден и план со кој се обезбедува ротација на вработените.

Во поглавјето 2.1.2 Контроли искажана е следната препорака:

Фондот има преземено мерки и активности во насока на управување со ризиците со што ќе се обезбеди ефикасност на системот на интерните контроли и остварување на поставените цели, преземени се активности за пропишување на процедури, разграничување на должности во насока на градење на ефективен систем на интерни контроли и заштита на податоците од неовластено менување или губење. Во насока на целосно воспоставување и функционирање на контролните активности во делот на извршување ex-ante i ex-post финансиска контрола од страна на 2 различни лица, неопходно е Фондот да обезбеди кадровска екипираност во Одделението за буџетска контрола.

2.1.3. Информации и комуникации и мониторинг, искажана е следната констатација:

Раководството на Фондот има превземено активности во однос на следење самопроценка и внатрешна ревизија (мониторинг на финансиското управување и контрола кое овозможува следење и посебна оценка на внатрешната контрола како и уверување за ефикасност на истата.

2.2.1 Систем на интерни контроли во процесот на спроведување на набавките и плаќањата. Искажана е следната констатација:

Наведените состојби во овој дел на извештајот упатуваат на присуство на ризици во делот на определување на критериуми во тендерската документација кои создаваат можност за ограничување на конкуренцијата и нееднаков третман на економските оператори во 2013 година за што Фондот при спроведување на постапките за јавни набавки во 2014 година, до денот на вршење на ревизијата има превземено активности за надминување на утврдените состојби. Фондот има донесено интерни акти и пишани процедури за текот на движење на документација и за процесот на плаќање со јасно разграничување на должностите и одговорностите на сите инволвирани лица во процесот. По извршените контроли се изготвува налог за плаќање каде се почитува системот на двоен потпис.

По извршената проверка на воспоставените контроли при исплата на пензиите, ревизијата констатира дека и покрај преземените активности за воспоставување и функционирање на системот на интерни контроли, може да се изврши исплата на корисник на пензија по истекот на законско утврденото право (исплата на пензија на починат корисник,претплати по основ на времени инвалидски пензии, недоставување/ненавремено доставување на школска потврда – за исплата на семејна пензија). Извршениете исплати Фондот ги евидентира како побарување од граѓани по основ на надоместоци на штети. За наплата на овие побарувања презема

активности на тој начин што се обраќа до деловните банки за поврат на повеќе исплатени средства, а доколку се вршени исплати на починат корисник бара поврат на средствата при поднесување на барање за исплата на посмртна помош. Во случај кога не може да обезбеди поврат на средствата од страна на банките, поради тоа што истите се повлечени од сметката, се преземаат активности за спроведување на соодветна правна постапка. Меѓутоа, и покрај сите презмени активности од страна на Фондот, наплатата на овој основ во однос на вкупните побарувања имајќи ги објективните потешкотии за нивна наплата е отежната. Во врска со ова се дава следната:

Препорака 4- Раководителот на Фондот да преземе дополнителни активности со цел зајакнување на контролните мерки за навремено откривање и постапување по утврдени неправилности по основ на повеќе исплатени пензии и продолжување со активностите околу преземање на сите правни дејства за нивна наплата.

Препорака 5 - Надлежните органи за управување и раководење со Фондот да преземат активности, обврската за доставување на потврди за живот за продолжување на правото на исплата на пензија на пократки рокови да се имплементира во Законот за ПИО.

Во членот 141 точка 3 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување е регулирано: „По барање на Фондот корисникот на пензија или паричен надоместок е должен да достави потврда за живот издадена од Фондот. Од овие причини, не е потребно да се вршат измени во Законот за ПИО, бидејќи согласно наведената одредба, не лимитира ограничување во барањето на потврдите за живот од корисниците на пензија„.

По истото да се достави забелешка по Нацрт-извештајот до Државниот завод за ревизија .

Од причини за поголема ефикасност и заштеди во расходите за исплата на починати корисници на пензија, Стручната служба на Фондот предвидува од 2014 година потврди за живот на корисници на пензија со место на живеење надвор од Република Македонија да бара потврдите за живот да ги доставуваат два пати во годината.

Со извршениот увид во постојната организациона структура на Фондот, ревизијата утврди дека во Секторот за финансиски прашања од вкупно предвидените 85 работни места пополнети се 61 во редовен работен однос и 19 по Договор за извршување на самостојна работа. Имено, лицата кои се ангажирани по Договор

извршуваат задачи утврдени со Актот за организацијата на работни места во Фондот и се ангажирани на подолг временски период поради недобивање на согласности за вработување на упразнетите работни места. Во врска со оваа констатација, искажана е следната:

Препорака 6. Раководителот на Фондот да преземе мерки со кои ќе обезбеди ангажирањето на лицата за извршување на повремени работи во Фондот да се извршува во согласност со постојните закони и

3.2. Организациона поставеност и кадровска екипираност на Внатрешната ревизија.

Во ова поглавје искажана е следната констатација

Внатрешната ревизија во Фондот како дел од системот на внатрешна контрола со кој раководителот на субјектот ја следи ефективноста на внатрешанта контрола се извршува од страна на посебна организациона единица - Одделение за внатрешна ревизија која функционира независно од другите сектори и одделенија во Фондот и е директно и единствено одговорно на раководителот на субејктот.

Одделението за внатрешна ревизија е екипирано со раководител на Одделение, два внатрешни ревизора и еден ревизор на обука. Имајќи ги предвид одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и Годишниот буџет со кој располага Фондот, ревизијата констатира дека Одделението за внатрешна ревизија функционира без утврдениот законски минимум на потребен кадар од 4 внатрешни ревизори и раководител на Одделението . Во врска со тоа ја дава следната:

Препорака 7. Раководителот на Фондот да продолжи со активностите во насока на доставување на барање за добивање согласност за вработување на лица и во координација со надлежните институции да преземе активности за соодветно кадровско екипирање на Секторот за финансиски прашања и Одделението за внатрешна ревизија која ќе овозможи нејзино непречено функционирање и развој.

Имајќи го предвид претходно изнесеното, се предлага следното:

Управниот одбор на Фондот на седницата одржана на ден 18.09. 2014 година, ги донесе следните:

З А К Л У Ч О Ц И

1. Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија ја разгледа и усвои Информацијата по Нацрт-извештајот на овластениот Државен ревизор за извршената ревизија на успешност–ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и Внатрешната ревизија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

2. По наведените констатации и препораки искажани во Нацрт-извештајот на овластениот Државен ревизор за извршената ревизија на успешност–ефикасност и ефективност на системот на финансиското управување и контрола и Внатрешната ревизија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија нема забелешки, освен во препораката број 5 за која Стручната служба на Фондот треба да достави забелешка до Државниот завод за ревизија во рокот утврден со Закон.

Скопје, 02-5009/1

18.09. 2014 година

ПРЕТСЕДАТЕЛ

НА УПРАВЕН ОДБОР,

Ацо Стојанов